# УВОДНИ СТИХОВИ



ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 3/2018

*Сабота, 7 јули 2018*

## 1. ТРУДЕТЕ СЕ ДА ЗАМИСЛИТЕ!

**„Тоа беше нешто како Господовата слава. Видов, паднав ничкум и чув глас што ми зборуваше.“ (Езекил 1,28)**

Како ќе биде кога ќе го здогледаме Господа Бога за прв пат? Песната „Можам само да си замислам“, го поставува тоа прашање:

*Кога ќе бидам опкружен со Твојата слава,*
*како ќе се чувствува моето срце?*
*Дали ќе заиграм од радост, Исусе,*
*или од страхопочит ќе се смирам пред Тебе?*
*Дали ќе стојам пред Тебе,*
*или ќе паднам на моите колена?*
*Дали ќе пеам 'Алилуја'?*
*Можам само да замислам!*

Езекил бил свештеник на Евреите кои биле во ропство во Вавилон и имал видение за Господа Бога (видете ги главите 1, 8, 10-11). Ја опишал Божјата присутност како „внатре и наоколу како оган... нешто како оган и како блесок на сите страни... како божилак што при дождовни денови се јавува во облакот“ (1,27-28). Езекил одговорил на тој начин што паднал на своето лице пред него и ги сослушал Неговите упатства.

И апостол Јован доживеал видение на Божјата присутност. Тој можеби бил најблизок Исусов пријател додека Исус бил на Земјата. На Последната вечера, непосредно пред самото апсење и погубување, читаме дека Јован „беше се навалил на градите Исусови“ (Јован 13,23). Сепак, кога Јован го гледал видението за Божијиот Син во сета Негова слава и моќ, доживеал нешто слично како и Езекил и „паднав пред Неговите нозе како мртов“ (Откровение 1,17).

Не можеме да сфатиме колку величествена била Исусовата слава, па не знаеме ни како ќе се однесуваме кога ќе се најдеме во Негова близина. - Ен Цетас

Сега го гледаме Исуса во Библијата, но тогаш ќе го гледаме лице в лице.

*Сабота, 14 јули 2018*

## 2. СТОРИЈА ЗА ДВАЈЦА РОБОВИ

**„Павле, слуга на Исус Христос, повикан за апостол...“** (**Римјаните 1,1**)

Спартак не е само легендарен лик од истоимениот филм, туку тој е и историска личност. Историчарите кажуваат дека тој најверојатно бил римски војник кој дезертирал, бил фатен, продаден како роб,а потоа станал и гладијатор.

Додека бил во гладијаторската школа во Капуа, Спартак го предводел бунтот на гладијаторите. Тоа поттикнало бунт на огромно мноштво робови, дури околу 70.000. Во почетокот војската на Спартак составена од робови победувала. Но, на крајот поразените и фатени бунтовници биле распнати на крст на патот кон Рим.

Каква спротивност меѓу Спартак и апостол Павле. Савле од Тарс (тоа било Павловото име пред обратувањето) роден бил како слободен човек, а сепак доживеал да стане слуга, роб, роб на Исуса Христа. Во деветтата глава на книгата Дела апостолски опишан е настанот кога Савле ќе се сретне со Исуса Христа, против кого се борел. И од тогаш ќе Му служи со сето свое срце и душа.

Спартак бил присилен да им служи на римски господари. Меѓутоа, Павле, како одговор на Божјата милост, доброволно станал слуга на Исуса Христа.

Во срцето на секој верник се води духовна борба меѓу гревот и праведноста. Можеме да се покоруваме на гревот како робовите што им се покорувале на господарите или можеме потврдно да одговориме на Божјата милост со која нè ослободил од ропството на гревот (Римјаните 6,16; Јован 8,34). Нашата најголема слобода се наоѓа во тоа да му служиме на Оној кој нè создал и нè откупил.

Исус Христос ги раскинал оковите на гревот за да доживееме вечна и силна поврзаност со Него.

*Сабота, 21 јули 2018*

## 3. ДА ГО ЗАПОЗНАЕМЕ БОГА ЛИЧНО

**„На Мојсеј му ги објави своите патишта, на Израелевите синови своите дела“ (Псалм 103,7).**

Повеќето христијани посакуваат да видат како Бог прави величествени чуда, а помалку да бидат во заедница со Него и да ги запознаат Неговите намери.

Од денешниот библиски цитат гледаме дека Бог им се објавил на Израелците преку моќни дела. Сепак, на Мојсеја му ги „објави своите патишта“. Во 33. глава во 2. Мојсеева запишани се големи кризи во кои Мојсеј искрено се молел на Бога: „ Затоа, ако ја уживам Твојата благонаклонетост, покажи ми ги Своите патишта, за да Те сфатам и за да ја уживам и натаму Твојата благонаклоност“ (стих 13). Повеќе сакал да го запознае Бога и Неговите намери за Неговиот народ отколку да доживее уште некое силно дело. Тогаш не е ни чудо што Бог разговарал со него „лице в лице“.

Постои разлика меѓу патиштата и делата. Божјите патишта или намери им се доверуваат само на оние од најтесниот круг на посветени слуги; останатите верници ги гледаат само Божјите дела.

Една госпоѓа ја сфатила таа разлика откако поминала неколку години во инвалидска количка. Еден ден, сета облеана во солзи, го молела Бога: „Господе Боже, би можела за Тебе да направам толку многу, само кога би била здрава.“ Божјиот одговор не можел да се слушне, но бил мошне јасен: „Многу луѓе работат за мене, но малкумина се оние што сакаат да ми бидат пријатели.“

Ако навистина сакате лично да го запознаете Бога, повеќе отколку што сакате да ги доживеете неговите чудесни дела, ќе бидете повеќе од задоволни.

Да се спознае Бог, тоа не значи само да се видат Неговите дела, туку да се познаваат и неговите патишта и намери.

*Сабота, 28 јули 2018*

## 4. РАДОСЕН ИЛИ ТАЖЕН

**„И кога ја видоа ѕвездата, се зарадуваа со многу голема радост.“ (Матеј 2,10)**

Едно девојче од сиромашниот дел на некоја метропола се разболело токму пред Божиќ и морало да ја одведат во болница. Додека лежело во болничката соба, слушнало како децата пеат божиќни песни. Внимателно слушало, особено кога некој почнал да зборува дека Исус Христос дошол на овој свет да ги откупи грешните и изгубени луѓе. Со својата детска вера го примила дарот на спасението, надевајќи се во Исуса. Подоцна, на болничарката ѝ рекла: „Многу ми убаво овде. Знам дека наскоро ќе морам да си одам дома, штом ќе оздравам, но ќе го земам Исус со мене. Зар не е прекрасно што Тој се родил? Исус дошол да нè спаси, па и мене ме спасил.“

„Да“, рекла болничарката, „но тоа е стара приказна.“

„Дали вие го познавате Исуса? Изгледате како да не Го позна-

вате", рекло девојчето. „Па, како тогаш изгледам?" – запрашала болничарката. „Како и повеќето луѓе, некако тажно", одговорило девојчето. „Мислам дека, кога навистина би сфатиле дека Исус дошол да нè одведе на Небото, вие би биле радосни."

Доаѓањето на Исуса Христа на овај свет пред повеќе од 2000 години бил славен настан. Луѓето тогаш ја слушнале радосната вест дека се родил Спасителот и со стравопочит му се поклониле на новиот Цар. Пастирите се вратиле на своите стада славејќи го Бога, а подоцна мудреците од Исток искрено се развеселиле кога витлеемската ѕвезда ги довела до детето Исус.

Кога еднаш ќе ја запознаеме спасоносната моќ на Исуса Христа, кој се родил во Витлеем, нашето срце ќе блеска од радост. И затоа што Исус Христос живее во нас, радоста на спасението треба да зрачи од нашиот живот. Затоа во ова доба од годината имаме многу причини да бидеме радосни, а не тажни.

Најубавиот божиќен украс е радосната насмевка на лицето на христијанинот.

*Сабота, 4 август 2018*

## 5. ТРАЈНА ДОВЕРБА

**„...А со нас е Господ, Бог наш, за да ни помага и за да ги војува нашите боеви." (2. Дневникот 32,8).**

Под моќното водство на царот Езекија, Јудеја доживеала духовно будење. Срушени биле идолите, Храмот бил обновен и народот повторно почнал да го почитува Бога. Езекија направил така низ цела Јудеја, правејќи го она што е добро, право и верно пред Господа, својот Бог. А тогаш, на врвот на послушноста, одеднаш го нападнал Сенахирим, лошиот цар-војник од Асирија.

Езекија можел да се разочара во Бога поради таквиот ненадеен пресврт на околностите. Меѓутоа, тој повеќе сакал да продолжи да се надева во Бога. Го собрал народот и рекол: „А со нас е Господ, Бог наш, за да ни помага и за да ги војува нашите боеви.” Колку прекрасен пример на силна вера и доверба во Бога!

И јас би можел да се послужам со обилната порција на духот на Езекија. Во мене има нешто сака Бог секогаш да ја наградува мојата преданост и верност со напредок во животот и со трајна заштита. Но, Бог дејствува далеку поразлично од она што јас можам да го видам и Тој ги постигнува своите цели во мојот живот. Моите сегашни тешкотии не се конечна мера на неговиот благослов и на неговата љубов.

Езекија покажал вистинска верност. Одлучил да го послуша Бога без да бара некоја гаранција за сигурност и за успех во животот. И ние, како него, можеме да се надеваме во Божјата присутност и моќ, и да Му веруваме дури и во најмрачните мигови во нашиот живот.

Кога ќе го свртиме погледот од Бога, пречките ни изгледаат огромни; но, колку поинаку гледаме на животот кога ќе го свртиме погледот кон Бога!

*Сабота, 11 август 2018*

## 6. ИЗБАВУВАЊЕ

**„Во мојата уста стави нова песна, фалба на нашиот Бог” (Псалм 40,3).**

Псалмистот ни порачува дека Бог во неговата уста ставил нова песна, славопој на нашиот Бог. Таа песна не му дошла толку лесно. Имено, пишува како Бог „ме извлече од јамата на гибелта, од тињата и калта; ги стави моите нозе врз карпа, ги закрепи моите чекори.“ Не знаеме што значела таа јама на ги-

белта. Можеби некои страдања или резултат на непослушноста на псалмистот кон Божјите начела. Во секој случај, тоа била страшна јама. Место кое било неискажливо бедно, осамено, како тивка смрт, каде што не можел да пронајде цврста потпора на која би ги ставил своите нозе. Не можел да се искачи поради калта. Само Бог можел да го избави.

Еден кинески научник, кој го прифатил Христа како Спасител, ја раскажува следнава приказна: „Човек паднал во една мрачна нечиста јама и се трудел да се извлече од неа, но безуспешно. Тогаш стигнал Конфучие. Го здогледал човекот во јамата и рекол: 'Јаден човек. Да ме слушаше, немаше никогаш да падне во јамата.' И си заминал. Стигнал и Буда и го здогледал сиромашкиот човек во јамата. 'Јаден човек. Кога би било можно оттаму да се качам, тогаш би му помогнал.' И тој си заминал. Тогаш дошол Христос и рекол: 'Јаден човек!' И скокнал во јамата и му помогнал да излезе од неа."

Бог го избавил псалмистот од неговата јама. И во срцето му дал нова песна да пее, која и ние можеме да ја пееме ако се го доживеале Божјето избавување од неволјите и гревот.

Божјето избавување обично доаѓа кога моментот на неволјите е најтемен.

*Сабота, 18 јули 2018*

## 7. БОГ НИ ЗБОРУВА ПРЕКУ ХРИСТА

**„Бог, Кој од стари времиња, многупати и на многу начини, им зборуваше на нашите татковци преку пророците, во последниве денови ни зборуваше преку Синот, Кого Го постави за наследник на сè и преку Кого ги создаде и вековите" (Евреите 1,1.2).**

Кога луѓето разговараат едни со други, со тоа изразуваат некој вид заедништво. Комуникациското дејство на зборовите е како мост кој спојува две страни. Кога луѓето не разговараат, тоа значи дека меѓу нив нема заедништво. Со помош на зборовите можеме на соговорникот да му ги откриеме и да ги изразиме своите најдлабоки мисли и чувства. Но, нашите зборови исто така го изразуваат, односно го оцртуваат нашиот карактер.

Живиот Бог отсекогаш му зборувал на човештвото откривајќи на тој начин кој е Тој и што мисли. Негова намера уште од самиот почеток била да влезе во заедништво со своите созданија. И иако гревот го уништил тоа изворно заедништво, Бог никогаш не престанал да зборува. Неговите пораки во старозаветно време на разни начини доаѓале преку пророците. Тоа е значењето на изразот „на многу начини“ кој го наоѓаме во денешниот библиски текст. А тогаш, преку личноста на неговиот Син, сè што сакал да ни каже, станало стварност.

Од мигот кога Исус се родил, Бог почнал да зборува на друг начин. Бог во Него лично станал човек, и тоа не само за Израелскиот народ, туку и за сиот човечки род. Личноста на Господа Исуса Христа е Божја порака до човештвото. Тој дошол како совршено олицетворение на Божјите намери, и ни го открил Татковото срце. Во него Бог, така да се каже, изградил мост преку кој верниците ќе ги привлече кон себе. На тој начин е обновено некогаш уништеното заедништво. Задачата што ја извршил Неговиот Син е најголем израз на Неговата љубов, но едновремено и Негова конечна реч за човештвото.

*Сабота, 25 јули 2018*

## 8. ВИСТИНСКИ МИР

**„И така, бидејќи оправдани преку верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ Исус Христос“ (Римјаните 5,1).**

Познатиот рок-гитарист Џими Хендрикс живеел неморален живот, користел дроги и се однесувал мошне непримерно на сцената но и надвор од неа.

Во 1970 г. Џими при крајот на концертот ја скршил својата гитара. Според записите на очевидците, публиката врескала од уживање и му плескала, но одеднаш завладеала апсолутна тишина. Џими паднал на колена и останал во таа положба неподвижен неколку мигови. Ја прекинал тишината со прашањето: „Ако знаете за вистинскиот мир, би сакал со вас да поразговарам зад бината.“ Очигледно е дека никој не одговорил на неговиот молежлив повик. Неколку дена по овој настан, тој умрел од преголема доза на хероин. Џими Хендрикс барал мир, го барал вистинскиот мир!

Дали го познавате вистинскиот мир? Дали сте откриле, како и оваа рок ѕвезда, дека славата, парите и разузданоста во животот, не можат да донесат внатрешен мир и сигурност? Тогаш во молитва мора да пронајдете нешто друго. Само со искрена преданост на Христа можете да го доживеете вистинскиот мир со Бога. Отворете го своето срце за Кнезот на Мирот, повикајте го во својот живот и препуштете му го надзорот и водството над сите ваши замисли и активности. Тогаш, наспроти сите бурни настани во животот, ќе го запознаете Божјиот мир, токму оној мир на Небото во длабочината на вашата душа што ја дава само Бог. „Не грижете се за ништо, туку во сѐ преку молитва и молба со благодарност искажувајте ги своите просби пред Бога! И Божјиот мир, што го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Христа Исуса“ (Филипјаните 4,6.7).

Мир ја преплавува душата кога во неа владее Христос.

*Сабота, 1 септември 2018*

## 9. ТУКА Е КОГА ЌЕ ЗАТРЕБА

**„...И крвта на Неговиот Син Исуса Христа нè очистува од секој грев“ (1. Јованово 1,7).**

Кога пред извесно време давав крв во ординацијата за трансфузија, добив еден леток да го прочитам додека крвта ми течеше во посебна посатка. На тој леток се наоѓаше процентот на луѓе со различни крвни групи. Еве го тој попис:

0 позитивна - 37%

А позитивна - 35%

А негативна - 6,3%

Б негативна - 1,5%

Најретката, АБ негативна група, ја има само 1 од 167 луѓе, или 0,6% од целокупното човештво. И пораката којашто е напишана на летокот беше исто така важна: „Најретка крвна група е онаа што ја нема кога ви е потребна!”

Тоа ме потсети на обилната крв која е од оној вид што секогаш е на располагање кога ви е потребна. „...И крвта на Неговиот Син Исуса Христа нè очистува од секој грев.“

Смртта на Исуса Христа, пролевањето на Неговата крв со која е задоволено барањето на светиот Бог како плата за нашите гревови, како што стои во посланието до Евреите 9,12.22. И денес, кога некој со вера ќе го повика Бога, ќе се покае од своите гревови и ќе се моли да му биде простено, неговата молитва за спасение е услишена.

Длабоко сум му благодарен на Исуса што доброволно се дал себеси да умре на крстот, ја дал својата крв за мене, за да ми биде достапно неговото проштавање тогаш кога ќе ми затреба. Дали и вие ја имате истата благодарност кон Бога? Исус ги зема нашите гревови и ни го дава своето спасение.

*Сабота, 8 септември 2018*

## 10. ГОСПОДЕ, ЗАР НЕ МАРИШ?

**„И стана, му се закани на ветрот и му рече на морето: ’Стивни! Молкни!’ И ветерот стивна и настана голема тишина“ (Марко 4,39).**

Луѓе кои искрено го сакале Исуса, му поставиле две најзначајни прашања. Кога жестоката бура се заканила да го потопи коработ во којшто се наоѓале на Галилејското море, учениците го запрашале Учителот: „Учителе, зар не Ти е грижа, што ние загинуваме?“ Во друга пригода, додека смирената Марија слушала што зборува Исус, напнатата Марта, која дошла од кујната, му рекла на Исуса: „Господи! Зар не Ти е грижа дека мојата сестра ме остави да служам сама?“ (Лука 10,40).

И двете прашања ги поставиле луѓе кои биле очевидци за Исусовата моќ и очекувале од Него да дејствува и да ги ослободи од стравот и маката. И кога изгледало дека Исус не обраќа внимание на нивната околност, се чул нивниот очаен повик: „Учителе, зар не Ти е грижа?“

Библијата не ни го опишува тонот на Исусовиот глас, но претпоставуваме дека Неговиот одговор бил нежен и благ. „Зошто се плашите толку?“ „Марта! Марта! Ти се грижиш и се вознемируваш за многу нешта.“

Кога се чувствуваме дека сме осамени и напуштени под тешки околности, често викаме: „Учителе, зар не Ти е грижа?“ Но, кога Исус ќе ја стивне нашата бура и ќе го изговори нашето име, сфаќаме дека треба да научиме многу повеќе за Неговото сочувство кон нас, и ќе посакаме да се надеваме во Него уште повеќе, и да му ги изнесеме сите наши грижи.

*Сабота, 15 септември 2018*

## 11. НЕ СЕ БРЗАМ

**„А кога го чу тоа Исус, се повлече оттаму со кораб, во пусто место, насамо“ (Матеј 14,13).**

Многу луѓе денеска живеат забрзан живот, постојано трчаат. Сметаат дека само брзината на движењето и употребата на сите можни средства за превоз и останати технички помагала обезбедуваат можност за преживување и постигнување на замислените цели. Некои се тркаат со автобусите на градските линии, со возовите или замислените брзи движења, за себеси да си докажат дека се успешни тркачи кои постигнуваат сè на време.

Вистина, некогаш е потребно да брзаме за да постигнеме национален рекорд во некој спорт, или за да спасиме нечиј живот кој се гаси. Но, постојаната забрзаност и трчање може да стане како одбрана за да не мора да одговориме на повикот да им помагаме на оние на кои им е потребна помош. Кога сме обземени со нашите големи планови, како сè околу нас да одекнува: „Немој ни да помислиш да ме прекинеш!”

Кој имал поголема причина да се брза од Исуса? Сепак, никој не одговарал толку милостиво на потребите на луѓето како Исус. Евангелистот Матеј го опишува настанот кога Исус отишол со коработ на осамено место да се одмори. Но, кога го здогледал мноштвото што се собирало, се сожалил над луѓето и ги исцелувал болните.

Се разбира, некогаш е потребно да брзаме. Но, има и време кога треба да ја прекинеме трката, како од Бога дадена пригода, за да им помогнеме на луѓето околу нас кои се наоѓаат во некоја потреба. Затоа, да го следиме Исусовиот пример во поглед на тоа како се однесуваме кон времето и кон луѓето.

Прекинувањето на нашата забрзаност може да биде прилика да им послужиме на ближните.

*Сабота, 22 септември 2018*

## 12. ДАВИД И ГОЛИЈАТ

**„А штом Израелците го здогледаа тој човек, избегаа сите далеку од него, и страв ги опфати... ,извади камче од неа, и го фрли од праќката. И го погоди Филистеецот во челото” (1. Самоилова 17,24.49).**

Изреката „Као Давид и Голијат“ ја употребуваме често кога некој слаб го споредуваме со силен противник. Тој нееднаков двобој меѓу џинот Голијат и идниот израелски цар, Давид, е опишан во Библијата; но таа сторија има и подлабоко, односно духовно значење. Давид е сличен на Исус, додека Голијат, непријателот кој внесува страв во сечие срце, ги има сите обележја на ѓаволот, непријателот на Бога и луѓето. На располагање му е огромна моќ: во Евреите 2,14 пишува дека ја има „власта над смртта“. Иако можеме да го совладаме стравот, од ѓаволот никој не е сигурен.

Кога вистинскиот Давид, Исус Христос, Синот Божји, дошол на Земјата како човек, со својата смрт го победил ѓаволот. Христос на крстот му го предал својот живот и римските војници виделе дека умрел. Потоа Неговите ученици го закопале длабоко ожалостени. Но, тогаш се случило нешто извонредно: жените кои дошле до неговата гробница, утврдиле дека е празна. Ангелот им рекол: „Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите? Тој не е тука! Воскресна!“ (Лука 24,5-6)

Христос е жив! Ја надвладеал смртта и го поразил сатаната. Повеќе од петстотини негови ученици го виделе воскреснат (1. Коринќаните 15,6). Исус Христос ни објавил: „Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене - и да умре - ќе живее“ (Јован 11,25). Сите што веруваат во Него, се наоѓаат на страната на Победникот.

*Сабота, 29 септември 2018*

## 13. НЕВЕРОЈАТНО?

**„Зошто при вас се смета за неверојатно, дека Бог воскреснува мртви?“ (Дела апостолски 26,8).**

Кога Исус не би воскреснал од мртвите и кога во иднина не би дошол денот на воскресение за нас, тогаш животот би ја изгубил својата смисла. Ако овој живот е сѐ што човек има - неколку години повремени насмевки и плачење, а потоа комплетен мрак – можеме заедно со апостол Павле да кажеме: „Ако само во овој живот се надеваме на Христа, ние сме најнесреќни од сите луѓе“ (1. Коринќаните 15,19).

Воскресението не е неразумна и неверојатна замисла. Тоа го гледаме преку примери. Еве еден таков пример: жито сместено во фараонските гробници пред три илјади години, откриено и посеано во здрава земја, никнало. Мртво скоро 3000 години, а потоа воскреснато во нов живот! Зар тоа не е за восхит!

Зошто тогаш би било неверојатно Бог да воскресне мртов човек? Тоа прашање му го поставил апостол Павле на царот Агрипа. Ако Бог можел од земскиот прав да го создаде човекот и да му вдахне животен дух и тој да стане жива душа, зошто да сметаме дека е неверојатно тој ист Бог да воскресне некого од мртвите?

Навистина било неминовно Исус да воскресне. Би било неверојатно по чудесниот живот што го живеел на Земјата да остане во гроб. Алилуја! Христос е воскреснат!

Само живиот Спасител може да го избави светот што умира.

ГРАДИВО 3/2018
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**